# Насилниот екстремизам и спортот во земјите на Западен Балкан

Автор: **Марија Ѓориќ**, Надворешен експерт на РАН

Radicalisation Awareness Network
RAN
Practitioners

# Насилниот екстремизам и спортот во земјите на Западен Балкан

**ПРАВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Овој документ е подготвен за Европската комисија, но ги одразува само гледиштата на авторите, а Европската комисија не е одговорна за какви било последици што произлегуваат од повторната употреба на оваа публикација. Повеќе информации за Европската Унија се достапни на интернет (http://www.europa.eu).

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2023 година

© Европска унија, 2023 година

Политиката за повторна употреба на документите на Европската комисија се спроведува со Одлуката на Комисијата 2011/833/ЕУ од 12 декември 2011 година за повторна употреба на документите на Комисијата (Сл. весник Л 330, 14.12.2011 г., стр. 39). Освен ако е поинаку наведено, повторната употреба на овој документ е овластена според лиценцата Creative Commons Attribution 4.0 International (CC-BY 4.0) (https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/). Ова значи дека е дозволена повторна употреба под услов да се даде соодветно признание и да се наведат какви било промени.

За каква било употреба или репродукција на елементи кои не се во сопственост на Европската Унија, можеби ќе треба да се побара дозвола директно од соодветните носители на правата.

# Вовед

Земјите на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово* (1), Црна Гора, Северна Македонија и Србија) претставуваат пост-конфликтен регион (2) што се соочува со различни форми на насилен екстремизам. Во моментот, земјите на Западен Балкан се соочуваат главно со проблеми поврзани со исламистички екстремизам (ИЕ) и десничарски екстремизам (ДЕ). Во периодот од 2012 до 2016 година, над 1000 лица од земјите на Западен Балкан патувале до боиштата во Сирија и Ирак (Методиева, 2021 година, стр. 2), каде поголемиот дел од нив се придружиле на терористички организации (Даеш и Ал-Каеда). Во моментов, враќањето на странските терористички борци (СТБ) и нивните семејства, вклучувајќи деца и малолетници, од воените зони е голем безбедносен предизвик. Паралелно со овој проблем, во изминативе години, се забележува пораст на десничарскиот ексремизам во земјите на Западен Балкан, што одразува еден поширок, глобален тренд. Главните генератори на ова ширење се мигранстската криза и пандемијата на КОВИД-19 (Ѓориќ & Клачар, без датум).

Главната цел на овој труд е да обезбеди практични сознанија за тоа како екстремистите во земјите од Западен Балкан го користат спортот за да се поврзат со екстремистички чинители, ширење пропаганда и за регрутирање и радикализирање поединци. Анализата е извршена врз основа на документирани истражувања и детални интервјуа. Низ земјите на Западен Балкан се организирани 15 детални интервјуа со членови од секторот за безбедност, невладините организации, академската заедница и спортските чинители. Трудот е структуриран по следниов редослед: по краток вовед, два главни дела ја сочинуваат аналитичката целина, а по нив следуваат заклучоци и препораки. Од двата дела, првиот се фокусира на врските помеѓу десничарскиот насилен екстремизам (ДНЕ) и фудбалските хулигани, се обрнува внимание на техниките за регрутирање, а исто така и на врските меѓу хулиганизамот и национализмот, оранизираниот криминал и политиката, додека, пак, во вториот дел се опишува односот помеѓу исламистичкиот екстремизам и спортот.

Насилните екстремисти се осврнуваат кон различни методи и средства за да радикализираат и регрутираат млади луѓе (т.е. преку видео игри, социјални мрежи, музика и хумор), а едно од тие средства е и спортот.

**Постои врска помеѓу насилниот екстремизам и спортот во земјите на Западен Балкан и тоа може да се согледа на два начина:**

**1. спортот како средство за спречување на насилниот екстремизам, идеја која сè уште не е успешно применета во практика во регионот и**

**2. спортот како средство за политизирање и регрутирање на млади луѓе да се придружат кон екстремистички групи (овој тренд сè повеќе расте и може да премине во сериозен безбедносен проблем за регионот).**

(1) Референцата треба да се разбере во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации, без да се наруши статусот на Косово.
(2) Целиот регион беше директно или индиректно вклучен во војните во 1990-тите години, во текот на распадот на Југославија.

# 1. Десничарскиот насилен екстремизам и фудбалските хулигани

Директната врска помеѓу спортот и насилниот екстремизам во земјите на Западен Балкан, досега, е најприсутна во фудбалот. Од 1980-тите, кога „спортот во Југославија ја одразуваше југословенската државна слабост“ (Брентин, 2014 година, пас. 4), сè до денес, спортот стана инструмент во рацете на разни екстремистички групи. Конкретно, овој процес го вклучи создавањето на фудбалски хулигански групи, главно мотивирани од идеологијата на десничарскиот екстремизам (главно во форма на национализам и, во помала мера, во форма на нацизам). Во земјите на Западен Балкан се идентификувани вкупно 122 групи на поддржувачи, од кои 78 се ултраси, а 21 група учествувала во инциденти поврзани со хулиганство (Ѓорѓевиќ и Скатуро, 2022 г.). Хулиганизмот во земјите на Западен Балкан е многу опасен бидејќи е комбинација од неколку важни појави: политичка моќ, организиран криминал и екстремизам (Ѓориќ, 2012 г., стр. 139).

**Дефиниции**

Иако изразите „ултраси“ и „хулигани“ не се меѓусебно исклучиви и разликата помеѓу нив е често нејасна, сепак, може да се забележат некои главни разлики. Поимот ултраси обично се однесува на добро организирани здруженија на фудбалски фанови, што се главно строго поврзани со одредена територија, политичко гледиште и/или етничка група. Генерално, кај ултрасите насилството не претставува цел сама по себе, иако понекогаш се вклучени во насилни инциденти. Од друга страна, хулиганите покажуваат јасен наклон кон чести и колективни вклучувања во насилни епизоди во рамки на спортските контексти. Општо земено, сите хулигани се ултраси, но не се сите ултраси хулигани.

## 1.1. Манифестации на десничарскиот насилен екстремизам и фудбалските хулигани

Врската помеѓу фудбалскиот хулиганизам и десничарскиот насилен екстермизам е најнагласена во Босна и Херцеговина, Северна Макдеонија и Србија.

Во **Србија**, фудбалскиот хулиганизам кулминираше за време на војните во 1990-тите, кога од редовите на поддржувачките групи се регрутирале доброволци за паравоени формации (3). Специфична особина на хулиганите во Србија е што тие биле, и сè уште се, политички инструмент. Ова најдобро се забележа на 5 октомври, 2000 година, кога истите хулигани што го поддржуваа режимот на Слободан Милошевиќ, учествуваа во неговото соборување. „Политизирањето на хулиганизмот“ продолжува и денес. Во 2010 година, на пример, околу 6.000 хулигани се судрија со полицијата, во обид да ја попречат парадата на гордоста во Белград, нанесувајќи повреди на повеќе од 100 луѓе (4) и вандализирајќи го градот, нанесувајќи цена во износ од околу 1 милион евра (5). Покрај врските помеѓу хулиганизмот и политичката сфера, во некои случаи хулиганите имаат формирано организирани криминални групи. Иако нивната идеологија и понатаму останува десничарски ориентирана, ова е само фасада за регрутација на млади луѓе, додека вистинската цел е профитабилна добивка (профит) (6). Двете највлијателни хулигански групи потекнуваат од редовите на симпатизерите на фудбалските клубови (ФК) Црвена Ѕвезда и ФК Партизан. Фановите на Црвена Ѕвзда, познати како Делии, се поделени во неколку групи како што се *Belgrade Boys* (7), *Rif Raff*, *Hijene* (Хиени), *Brigade* (Бригади) *и Bez straha* (Без страв). Во моментот, во тек е генерациска обнова; неколку лидери (на возраст од 35 до 40 години) ги контролираат фановите на

(3) Степенот на политизирање на спортот (особено на фудбалот) е најдобро одразен со фактот дека многу истражувачи веруваат дека распадот на Југославија беше најавен на мечот помеѓу Црвена Ѕвезда и Динамо во 1991 година. За време на настанот, Делиите (поддржувачи на Црвена Ѕвезда од Србија), се судриле со *Bad Blue Boys* (поддржувачи на Динамо од Хрватска), на стадионот Максимир во Загреб, кога националистичките слогани доведоа до брутално насилство.
(4) Најголем дел од повредените лица беа полицајци.
(5) Гордана Андриќ и Бојана Барловац, Немирите во Белград завршија, властите го осудуваат насилството, Balkan Insight, на 10 октомври, 2010 година.
(6) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Србија), бр. 3.
(7) Моментално најдоминантната група.

Црвена Ѕвезда ([8]). Во 2009 година, беше поднесен предлог за забрана на насилни и криминални активности на 14 екстремистички групи, поддржувачи на ФК Партизан во Белград, ФК Црвена Ѕвезда и ФК Рад, но тој беше одбиен поради недостаток на уставни предуслови неопходни за водење на таква постапка пред Уставниот суд ([9]).

Во Северна Македонија, насилниот екстремизам на фудбалските натпревари е поврзан со одредени политички и криминални структури ([10]). Во оваа земја, поддржувачките групи започнале да се формираат кон крајот на 1980-тите години. Првата поддржувачка група е формирана во 1987 година, позната под името *Комити* (Комити), и таа го поддржува фудбалскиот клуб Вардар (Муслиу, 2022 г., стр. 12). Во 1990-тите настанаа големи промени со распадот на Југославија. За тоа време, локалниот патриотизам станува посилен и речиси секој град има свој фудбалски клуб. Најголемите судири помеѓу *Комитите* и *Шкембарите* (односно поддржувачи на ФК Вардар и ФК Пелистер) се случуваат не само на фудбалски, туку и на кошаркарски и ракометни натпревари (Муслиу, 2022 г. стр. 13) ([11]). Највлијателните македонски поддржувачки групи се во главниот град Скопје, каде Македонците го сочинуваат етничкото мнозинство.

**Босна и Херцеговина** е многу специфична поради етничките ([12]) и кантонските поделби, што е многу одразено во спортовите (т.е. во фудбалот). Во Босна и Херцеговина, Ултрасите, како група, претставуваат еден вид на противтежа на корумпираните политички структури, бидејќи „се прикажуваат себеси како единствена група на отпор кон статус кво“ (Теста, 2020 г., стр. 29).

Во други делови од земјите на Западен Балкан, исто така, постои врска помеѓу фудбалските хулигани и насилниот екстремизам, само што таа е помалку изразена отколку во Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија. Во овие земји, се забележува силна врска меѓу фудбалските хулигани и организираниот криминал и одредени политички структури, при што идеологијата ги прикрива профитабилните криминални активности.

## 1.2. Фудбалски хулигани Стратегиите на регрутирање и влијанието на национализмот

Регрутирањето на хулиганските групи во земјите на Западен Балкан се врши со помош на: криминал, политички врски и манипулација на младите.

Во **Северна Македонија,** регрутирањето на хулигански групи е строго поврзано со партиските преференции. Забележително е влијанието на политиката врз фудбалските клубови, бидејќи секоја општина има свои претставници во клубовите. Оттука, политиката влијае врз клубовите. Поддржувачките групи во Северна Македонија често се сметаат за „армии“ на партиите, кокристејќи привилегии, каква што е заштитата од некои политичари, што укажува на директна врска помеѓу поддржувачите и политичките партии (Муслиу, 2022 г.). Иако експлицитните врски помеѓу големите политички партии и повеќето насилни ултраси се вообичаено добро прикриени, фановите често се сметаат себеси за војници од прв ред за националистичките каузи кои доминираат во политиката ([13]).

([8]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([9]) Саша Ѓорѓевиќ и Ругеро Скатуро, Опасни игри: Фудбалски хулиганизам, политика и организиран криминал во земјите на Западен Балкан, Глобална иницијатива против транснационален организиран криминал, јуни 2022 година, стр. 24.
([10]) Детално интервју – член од невладина организација (Северна Македонија), бр. 9.
([11]) Комитите го поддржуваат ФК Вардар и се најдоминантната група во однос на сила и број. Освен нив, во Скопје се активни и *Шверцерите* (Шверцерат) и го подддржуваат ФК Шкупи (познат по тоа што е главно поддржуван од Албанци). *Шкембарите* од Битола се поддржувачи на ФК Пелистер, поддржувачите на ФК Победа од Прилеп се нарекуваат *Мајмуни, Ајдуци* се нарекуваат поддржувачите на ФК Беласица од Струмица, додека во Охрид, групата *Рибари* го поддржува ФК Охрид 2004. Во Тетово, каде Албанците го сочинуваат поголемото мнозинство, има два доминантни клуба: ФК Шкендија, поддржуван од групата *Балисти* и ФК Тетек, поддржуван од групата *Војводи*. Освен нив, активни се и следниве поддржувачки групи: *Мајмуни* од Прилеп, *Војводи* од Тетово, *Пирати* од Автокоманда, City Park Boys од центар, *Family* од Аеродром, итн.
([12]) Босанци, Срби, Хрвати.
([13]) Политиката во фудбалот на Балканот ги држи хулиганите блиску до сржта на моќта | Фудбалско насилство | The Guardian

**„Вратите на локалните власти, компаниите и политичките партии се секогаш отворени за нас“ ([14]).**

Покрај конфликтите предизвикани од етнички мотиви, чести се и конфликтите помеѓу членовите од исти етнички групи кои ги поддржуваат ривалските клубови во Северна Македонија. Добар пример за ова се поддржувачите *Шверцери* од Скопје и *Балисти* од Тетово, во најголем дел етнички Албанци, кои често се судираат. Според едно истражување спроведено во Северна Македонија, главние причини наведени за овие конфликти се: омраза кон ривалскиот клуб (41,7 %); религиозна и етничка нетолеранција (19,8 %); политичко влијание (7,5 %); и профитабилен интерес (5,7 %) (Муслиу, 2022 г.). Во Северна Македонија, дури и по распадот на Југославија, сè уште постојат групи фанови што ги поддржуваат фудбалските клубови Црвена Ѕвезда и Партизан, посочувајќи дека регионот е меѓусебно поврзан.

**„На стадионот се бориме со зборови... На улицата, се бориме со тупаници. Го браниме нашиот национален идентитет со нашата крв“ ([15]).**

**Недоследности што се специфични само за Македонија — оние поддржувачки групи што поддржуваат одреден фудбаслки клуб, во другите спортови (на пр. кошарка) поддржуваат друг клуб, често ривалски ([16]). Ова сугерира не само на проблем со идентитетот, туку и недостиг на лојалност —особина својствена за поддржувачките групи. Оваа појава може да биде показател на профитабилни интереси.**

Во **Србија**, сите хулигански групи користат екстремно десничарска реторика и регрутираат тинејџери преку идејата за патриотизам и национализам. Регрутирањето започнува во основно училиште (на возраст од 12 до 15 години), на локално ниво ([17]). Повозрасните фанови, „се во потрага“ по момчиња во учулиштата и ги воведуваат во светот на хулиганите. На почетокот, им се даваат курирски задачи ([18]) и подоцна ги запознаваат со сериозен криминал. Младите луѓе поминуваат низ „чин на иницијација“, што значи дека треба да сторат прекршок или кривично дело ([19]). Покрај младите тинејџери, се регрутираат разочарани и млади членови од работничката класа без перспектива за иднина ([20]). Хулиганските групи се затворени, строго отганизирани и имаат јасна хиерархија како воен модел. Покрај национализмот, активностите што ги промовираат овие групи, често се поткрепени со екстремна хомофобија, ксенеофобија, расизам и други форми на нетолеранција. Неодамнешните податоци покажуваат дека некои хулигани заминале на украинскиот фронт како странски платеници ([21]). Забележани се врски и со некои мото клубови во Србија ([22]).

Фудбалските хулигани во **Босна и Херцеговина** се главно поделени според етничка линија, со исклучок на Сараево и Тузла, каде има етнички мешани групи. До сега, најчестите судири се во

([14]) Изјава од 22-годишниот лидер на Балистите, поддржувачи на ФК Шкендија од Тетово, Политиката во фудбалот на Балканот ги држи хулиганите блиску до сржта на моќта | Фудбалско насилство | The Guardian
([15]) Изјава од 17 годишно момче поврзано со *Шверцерите*, Политиката во фудбалот на Балканот ги држи хулиганите блиску до сржта на моќта | Фудбалско насилство | The Guardian
([16]) На пример, поддржувачката група *City Park Boys,* што го поддржува кошаркарскиот клуб Работнички, во фудбалот го поддржува ФК Вардар – поранешниот голем ривал на клубот. Од друга страна, поддржувачите на ФК Вардар (познати како Комити) ги поддржуваат кошаркарските клубови Работнички и МЗТ, иако спортското друштво Вардар има истоимен кошаркарски клуб чии главни ривали се КК Работнички и КК МЗТ.
([17]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([18]) На момчињата (малолетниците) им се обезбедуваат скутери за пренос на дрога, а подоцна овие мотори им се подаруваат како награда. Извор: Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([19]) Ова имплицира дека имаат досие за напад на полициски службенинк или кражба од продавница или започнување на физичка пресметка со фановите на ривалскиот клуб итн.
([20]) Јово Бакиќ, Десничарски екстремизам во Србија, Friedrich-Ebert-Stiftung, февруари 2013 г.
([21]) Се борат на страната на Украина. Извор: () Детално интервју – член од секторот за безбедност (Србија), бр. 6.
([22]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Србија), бр. 6.

Мостар, помеѓу *Црвената армија (Red Army)* (ФК Вележ) и *Ултрасите* (ФК Зрињски). Големо непријателство преовладува помеѓу поддржувачките клубови од Сараево, главно помеѓу фудбалските клубови Сараево и Широк Брег ([23]). Забележително е и градското ривалство помеѓу фудбалските клубови Сараево и Железничар. Форми на насилен ектремизам се среќаваат и кај најмладите генерации. На детскиот фудбалски турнир во Сараево (за деца до 15 години), во јануари, 2023 година, се случија два инцидента што може да се поврзат со националистички екстремизам. Прво, момчињата од хрватскиот тим скандираа „Убиј го Србинот", а потоа беа физички нападнати и избодени со нож родителите на момчињата од српскиот тим кои играа на турнирот (Danas, 2023 г.).

**Пример за реципроцитет во екстремизмот (според етничка линија): кога е подигнат транспарент за Слободан Праљак на натпревар во Босна и Херцеговина или парола за поддршка на Ратко Младиќ, за возврат ќе се подигне парола за поддршка на Сакиб Махмиљин во Сараево (овие лица се обвинети за воени злосторства) ([24]).**

Во Округот Брчко (Босна и Херцеговина), постојат локални, неформални хулигански групи што се организирани според етно-национален принцип. Поголемиот дел од поддржувачките групи во областа, немаат формален лидер, и најчесто функционираат во помали групи кога има спортски настани. Возрасната граница се движи помеѓу 15 и 40 години ([25]). Најголем интерес во контекст на насилните активности е забележан кај членовите на подгрупата *Трт-Мрт,* која е дел од поддржувачката група *Гробари,* поддржувачи на Партизан од Белград и членови на подгрупата позната како *Копре Недри*, или КНД, што припаѓа на поддржувачката група *Делии*, поддржувачи ма Црвена Ѕвезда од Белград, какои членови на групата *Манијаци* од областа Брчко во Босна и Херцеговина, поддржувачи на ФК Железничар од Сараево и исто така дел од поширокатa група *Фанатикос* од Босна и Херцеговина. Групите *Трт-Мрт, Копре Недри* и *Манијаци* во голема мера имаат придонесено во радикализацијата на поддржувачката сцена во Округот Брчко. Покрај насилната природа и говорот на омраза, овие групи се обвинети и за кривични прекршоци за трговија со дрога ([26]).

Поради националистичката идеологија, фудбалските фанови од **Албанија** се поврзуваат со Албанците во Косово и Северна Македонија. Во Албанија, центар на поддржувачката сцена е Тирана. Присутни се две главни поддржувачки групи. Првата група е левичарски ориентираната *Ултраси Герилас 08-09* што го поддржува ФК Партизан. Интересно е што тие уживаат поддршка меѓу Албанците во Северна Македонија и Косово и Метохија, како и од Албанццените во дијаспората (Норвешка и Шведска) ([27]). Втората група е *Тирана Фанатици,* што го поддржуваат ФК Тирана. Нивната идеологија е десничарска и е поддржана од групата *Шверцери* (чии членови го поддржуваат ФК Шкупи) од Северна Македонија. Поврзаноста помеѓу овие групи се основа првенствено на етничките, семејните и јазичните врски. Главните противници на овие групи од Тирана се *Vllaznit Ultras* (ФК Влазнија) од Скадар и *Djemt e Detit,* кои го поддржуваат ФК Теута Дурес (Теута Драч).

Поддржувачите на албанскиот нациналeн тим Tifozat Kuq e Zi (црвено-црни навивачи) имаат големо влијание на албанските поддржувачи во Северна Македонија (*Балисти*, *Шверцери* и *Илири*), како и на фановите во Косово* (*Плисат, Торцида* и *Шипоњат*). За врските помеѓу поддржувачката група Tifozat Kuq e Zi (црвено-црни навивачи) од Албанија и албанските поддржувачи во Косово најдобро се претставени со фактот дека членовите на Tifozat Kuq e Zi му подарија големо албанско знаме на семејството на Адем Јашари од Косово*.

([23]) Антагонизам е резултатот од убиството на навивач на ФК Сараево, во 2009 година, за време на натпреварот на тимот во Широки Брег.
([24]) Детално интервју – член на академската заедница (Босна и Херцеговина), бр. 5.
([25]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Босна и Херцеговина), бр. 7.
([26]) Исто.
([27]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.

Албанските поддржувачи од Косово се поврзани со насилство и политички структури блиски до поранешната Ослободителна армија на Косово ([28]). Не постои големо ривалство меѓу косовските албански групи и најчесто е насочено кон други етнички групи, пред сè Србите од Косово. Врската помеѓу ФК Плисат од Приштина со *црно-црвените навивачи* од Албанија е забележителна во контекст на Голема Албанија. Втората доминантна поддржувачка група е наречена *Шипоњат* и членовите го поддржуваат ФК Шипоња.

**Во 2005 година, во Приштина, членови на албанските поддржувачки групи *Плисат* и *Шипоњат,* беа главните бунтовници на политичкиот собир организиран против создавањето на Здружението на српски општини и демаркационата линија со Црна Гора (Мејдини и сор., 2023 година)**.

Етничкото српско население во Косово обично ги поддржува клубовите поврзани со Србија, особено Црвена Ѕвезда, и е непријателски настроено кон клубовите поврзани со Албанија ([29]).

Во Црна Гора, насилниот екстремизам може да се поврзе со спортски и политички настани ([30]). Од сите спортови, фудбалот (и поретко кошарката) е најискористуван за политичка пропагнада. Етничката припадност на една личност е главната карактеристика што ја одредува нејзината припадност кон одреден спортски клуб. Црногорците ги поддржуваат нивните национални клубови, додека српското население ги поддржува клубовите поврзани со Србија како што се Црвена Ѕвезда и Партизан. Во Плав и Рожаје, каде што доминантно етничко население се Босанците, поддржувачките групи *Газије (Газии)* и *Хајвани (Ајвани)* ги поддржуваат локалните клубови. Интересно е што овие босански клубови, ги поддржуваат „нивните браќа“ во Босна и Херцеговина и на тој начин ја поддржуваат босанската група Фанатикос на фудбалските натпревари. Во северниот дел на Црна Гора (Плевља, Жабљак, Мојковац, Савник, Плужине), најголемиот дел од населението ги поддржува српските клубови Црвена Ѕвезда и Партизан. Во Беране и Бијело Поље, покрај српските клубови, популарни се поддржувачките групи *Ултраси Бијело Поље,* чии активности опаднаа изминативе години, а познати се и *Street Boys Berane*. Во Никшиќ, *Војводе* (Војводи) го поддржуваат ФК Сутјеска. Присутни се и поддржувачи на ФК Партизан, *Гробари*, којашто е доминантна група. Бројот на поддржувачи на ФК Црвена Ѕвезда опаѓа, особено откако нивното знаме беше украдено пред неколку години. *Цетиње* поддржува локални клубови како што е ФК Ловчен. Во крајбрежните градови, доминираат српските клубови, додека оние што ги поддржуваат хрватските клубови, како што е ФК Хајдук, исто може да се најдат во Тиват. Во Улцињ, место главно населено од албанско национално малцинство, присутна е поддржувачката група *Дилбери*. Во Подгорица, најдоминантна е групата *Варвари,* чии членови го поддржуваат ФК Будучност (Иднина). Често се судираат со поддржувачите на Црвена Ѕвезда.

Иако хулиганизмот вообичаено и главно е поврзан со мажи, сепак, во некои случаи девојките и жените имаат улога на заднински „активисти, улични борци и лидери на локални гранки, координатори на протести и интернет активисти“ ([31]).

## 1.3 Фудбалскиот хулиганизам, организираниот криминал и политиката

Во земјите од Западен Балкан се забележува поврзаност меѓу фудбалскиот хулиганизам, организираниот криминал и политиката. Оваа поврзаност го отежнува процесот на демократизација во регионот.

Во **Србија**, поддржувачите на Партизан имаат долгогодишни внатрешни конфликти (главно поради поделбата на криминалните сфери на влијание), а за тоа сведочи антагонизмот помеѓу групите

([28]) Ослободителната армија на Косово, на почетокот се сметаше за терористичка организација во многу земји, вклучувајќи ги САД, https://irp.fas.org/world/para/docs/fr033199.htm
([29]) Детално интервју – член од невладина организација (Северна Македонија), бр. 10.
([30]) Детално интервју – член од невладина организација (Црна Гора), бр. 11.
([31]) PAVE_870769_D5.1_publication_layout.pdf (pave-project.eu)

*Zabranjeni* (Забранети) и *Alkatraz* (Алкатраз). Ситуацијата во Србија е загрижувачка, бидејќи некои поддржувачки групи се поврзани со сериозен криминал. Добар пример е групата *Janjičari* (Јаничари) што го поддржува ФК Партизан (по извесно време преминува во група позната како *Principi* (Принципи)). Нивниот лидер, Вељко Беливук и неговите соработници неодамна беа уапсени и, според медиумските известувања, поврзани со одредени високи политички фигури и членови на безбедносниот сектор (Ѓорѓевиќ и Скатуро, 2022 г., стр. 17). Групата *Principi* е обвинета за соработка со црногорскиот клан Кавачи, што е „специјализиран“ за трговија со кокаин од Латисnка Америка до Европа. Вељко Беливук беше уапсен во 2021 година, заедно со неговите 20 соработници. Групата е обвинета за неколку криминални прекршоци: здружување за извршување криминал, неовластено производство и трговија со наркотици и три случаи на убиства од прв степен (Високиот суд во Белград, „Одреден притвор“). По апсењето на кланот на Беливук, дојде до судир меѓу групите *Vandal Boys* и *Grobari* (Gravediggers) *Vračar.* Хулиганските групи на Партизан служат и како обезбедување во ноќните клубови ([32]), вршат трговија со наркотици и рекетарство ([33]). Од друга страна, меѓу криминалните активности што ги извршуваат навивачите на Црвена Ѕвезда се и перење пари преку градежни работи, контрола врз енергетските извори, влијание во ИТ секторот и трговија со дрога ([34]).

**Денес, српските фудбалски хулигани се сериозни криминални групи поврзани со високи политички поединци и со секторот на безбедност, што им дава чувство на моќ и недофатливост ([35]).**

**Некои групи во Србија се многу блиски со кримиални групи во Црна Гора.**

Покрај хулиганите на Црвена Ѕвезда и Партизан, има групи во Србија коишто може да се поврзат со криминал и екстремизам, вклучувајќи ги *United Force* (ФК Рад), *Firma* (ФК Војводина) и *Torcida Sandžak* (ФК Нови Пазар). Поради нивната голема популарност низ поранешна Југославија, може да се забележат ограноци на Црвена ѕвезда и Партизан во Босна и Херцеговина (Република Србија), Црна Гора и Северна Македонија. Покрај фудбалот, хулиганизмот се забележува во кошарката и понекогаш во ракометот, главно одразен преку пораки со говор на омраза.

Судиите, обвинителите и поплитичарите се често членови на одбори на спортски клубови во Србија — ова е голем проблем бидејќи често води до судир на интереси ([36]).

**Конкретно прашање во Србија во однос на спречувањето на хулиганизмот е тоа што управните одбори на некои спортски клубови вклучуваат судии и обвинители што, пак, може да влијае врз нивната објективност при гонење на проблематичните лица ([37]).**

Трговијата со дрога е вид на организиран криминал, доста познат кај хулиганските групи. Постојат регионални мрежи за дистрибуција на дрога во **Босна и Херцеговина.** На пример, хулиганите од Бања Лука и источниот дел на Сараево се поврзани со групи од Србија и Црна Гора. *Lešinari* (Мршојадци), *Horde Zla* (Орди на злото) и *Skripari* (Шкрипари) од Босна и Херцеговина се исто така вклучени во трговија со наркотици и оружје (Ѓорѓевиќ и Скатуро, 2022 г., стр. 28).

([32]) Непишано правило е дека тие што го контролираат обезбедувањето во ноќните клубови исто така ја контролираат и трговијата со дрога.
([33]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Србија), бр. 8.
([34]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Србија), бр. 3.
([35]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([36]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([37]) Детално интервју – поранешен фудбалер (Србија), бр 12.

**Во регионот на Западен Балкан, политизирањето на фудбалскиот хулиганизам (и поврзаноста со криминалот) е главно забележителна во Босна и Херцеговина и Србија. Во овие земји, хулиганите се користат за пресметка со политичките противници и за пренесување на политички пораки ([38]).**

Покрај политичкото влијание, хулиганите во **Северна Македонија** се исто така поврзани со светот на криминалот. *Шверцерите* и *Комитите* се вклучени во трговија со оружје и дрога, што им помага да обезбедат финансии за нивните активности (Муслиу, 2022 г., стр. 28)

Во **Албанија**, во фудбалот може да се забележат врски помеѓу спортот и насилниот екстремизам. Во Албанија, фудбалскиот хулиганизам во основа вклучува насилство помеѓу групите што се ривали, но исто така има и политичка конотација, како што е забележано во натпреварот што се одржа помеѓу националните тимови на Србија и Албанија во 2014 година. На овој настан, Олси Рама, брат на албанскиот премиер Еди Рама, беше обвинет за управување дрон со знаме на Голема Албанија, што создаде дополнителна тензија помеѓу двете земји (CNN, 2023 г.).

**Поддржувачките групи во Албанија се поврзани со поддржувачките групи во Косово и Северна Македонија, особено кога станува збор за идејата за Голема Албанија.**

## 2. Исламистичкиот екстремизам и спортот

За времето на првите заминувања на СТБ во Сирија или Ирак, се одвиваа дискусии за односот помеѓу исламистичкиот екстремизам и спортот: некои тврдеа дека промените во спортските навики (особено воздржувањето од спорт) може да е знак за радикализација според силни Вахабистички правила, додека, пак, други сметаа дека некои дисциплини, какви што се боречките вештини, може да се користат како подготовка за борци.

Некои истражувања покажуваат дека „појавата на регрутирање не само што е очигледна во фудбалот, туку е очигледна и во мешаните боречки вештини“ (РАН, 2019 г., стр. 3). Додека во западните Европски земји, клубовите за мешани боречки вештини се главно поврзани со НДЕ, во земјите на Западен Балкан е присутна цврста врска помеѓу боречките вештини и исламистичкиот екстремизам.

Посебен безбедносен проблем за Босна и Херцеговина се клубовите за боречки вештини ([39]) и airsoft клубовите ([40]), често управувани од радикализирани поединци ([41]). Популарноста на airsoft клубовите се зголемува во Босна и Херцеговина и Округот Брчко. Овде може да се забележи директната поврзаност помеѓу исламистичкиот екстремизам и спортот ([42]).

**Клубовите за боречки вештини во Босна и Хрецеговина организираат кампови за деца, каде децата учат религиозни докторини и воени вештини. Во општината Тешањ беше формиран зимскиот клуб Аскери 2018, во кој тренираат момчиња на возраст од 9 до 17 години, што предизвика големо медиумско внимание низ Босна и Херцеговина и гнев во Република**

([38]) Детално интервју – член од невладина организација (Србија), бр. 4.
([39]) Во моментот, постојат околу 10 вакви клубови што може да се поврзат со исламистичкиот екстремизам и се лоцирани во Сараево, Тузла, Бугојно, Мостар, Зеница, итн. Главно се клубови за теквондо, кикбокс и аикидо.
([40]) Airsoft е ексtремен спорт. Овие клубови спроведуваат обуки за користење оружје, мали експлозивни направи и теренски воено-полициски тактики според стандардите на специјалните единици. Во Босна и Херцеговина, airsoft клубовите се регистрирани како спортски здруженија.
([41]) Некои тренери или сопственици на клубови се членови на радикални Вахабистички групи. Дури некои од нив биле членови на одредот Ел Муџахид за време на војната во Босна и Херцеговина.
([42]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Босна и Херцеговина), бр. 2.

**Србија (RTRS, 2023 година).**

Покрај клубовите за боречки вештини, во изминативе 10 години се особено популарни airsoft клубовите. Ширењето на airsoft клубовите започна пред околу 10 години, особено во Босна и Херцеговина, каде во моментов има повеќе од 40 такви клубови ([43]). Во овие клубови се спроведуваат воени обуки што, покрај тоа што служат за рекреација, исто така имаат и религиозна улога така што ги воведуваат идеите за исламистички екстремизам во активностите на клубот. Може да се забележи дека поголемиот дел од членовите на airsoft клубовите припаѓаат на Вахабистичката заедница. Интересно е што повеќето од вежбите се прават во селата напуштени од Српското население, каде што за обука се користат имотите уништени во војната. Покрај членовите од airsoft клубовите има и членови на вооружените сили на Босна и Херцеговина ([44]). Тие се финансираат преку донации, членарини и покровителства. Забележано е дека некои локални заедници често ги поддржуваат airsoft клубовите, особено во општините Бужим и Казин, но исто така и општините во близина на Тузланскиот кантон. Особено се истакнуваат *Crna munja* ([45]) (Црна молња) и *Lilium Bosniacum*. Повеќето airsoft клубови се групирани во три региони: Унско-санскиот кантон, регионите Зеница-Тузла и Сараево. Работењето на овие клубови често го надгледуваат членови на Силите на Европската Унија во Босна и Херцеговина ([46]). Овие клубови се карактеризираат со строга дисциплина и со особено внимание на вертикалниот синџир на наредби, што ги доближува до нивото на организација на современите специјални единици.

Во **Црна Гора** е забележителна врската воспоставена помеѓу некои клубови за боречки вештини од Босна и Херцеговина со локалните жители во некои области на Црна Гора, главно населени од муслиманско население. Така, пред неколку години, претставници на клубовите за боречки вештини од Тузла ја посетија Вахабистичката заедница во Плав и Гусиње. Меѓу делегацијата на Босна и Херцеговина беше и Абдусамад Бушатлиќ, познат по неговите религиозни проповеди на социјаните мрежи, што се популарни ширум светот.

## Заклучок

Заедничка карактеристика на земјите на Западен Балкан е дека фудбалот, како спорт, е најчесто поврзуван со десничарскиот екстремизам. Ова е особено вистинито за Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија, земји во кои хулиганите се поврзани со криминал и одредени политички структури, појава наречена „политизирање на хулиганизмот“.

А нов тренд во Западен Балкан е тоа што клубовите за боречки вештини и airsoft клубовите се користат за воведување и регрутирање нови екстермисти. Оваа појава е карактеристична за Босна и Херцеговина (главно за Федерацијата Босна и Херцеговина) и е поврзана со исламистичкиот екстремизам ([47]). Посебна опасност претставува радикализацијата на децата индоктринирани во камповите, со изговор дека станува збор за учење спортски вештини.

Особено чувствителни жртви на радикализација се младите мажи (тинејџери), бидејќи хулиганизмот доминантно е „машка појава“ во Западен Балкан (Ѓориќ, 2012 година). Истото важи и за клубовите за боречки вештини.

([43]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Босна и Херцеговина), бр. 1.
([44]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Босна и Херцеговина), бр. 2.
([45]) Овие клубови имаат голем број на следбеници на социјалните мрежи (Фејсбук) и во нивните објави ги величат воените знамиња, симболи и достигнувања на поранешната армија на Босна и Херцеговина во регионот Бихач. Коментарите содржат експлицитен говор на омраза насочен кон Српската заедница.
([46]) Детално интервју – член од секторот за безбедност (Босна и Херцеговина), бр. 2.
([47]) Тие се главно поврзани со Вахабистичките заедници. Интересно е што и во Европа и во светот, десничарскиот екстремизам е првенствено поврзан со боречките вештини.

Спортот има две страни: првата е позитивна и може да ги отстрани насилните и екстремистичките идеи меѓу младата популација преку тимски дух и фер игра; а втората, неубава страна, која за жал е позабележителна во Западен Балкан — е злоупотребата на спортот за радикализација на млади луѓе. „Учењето преку игра (како што се спортовите) може да ги мотивира младите да присуствуваат и учествуваат во училницата или во активностите за млади.“ (РАН, 2021 г., стр. 5). Ова е заклучокот од онлајн средбата на РАН во 2021 година, што може да се примени во земјите на Западен Балкан.

Не постои соодветна структура за сузбивање и борба против насилните екстремистички чинители во областите поврзани со спортот во однос на превенција — ова во моментов е јаз на кој треба да се поработи. Спречувањето ([48]) на оваа појава треба да се третира како приоритет, со помош на меѓународната заедница, бидејќи може да има долготрајни безбедносни импликации за целиот регион.

# Препораки

- **За државните институции:** Доследно спроведување на законите — иако постојат релативно добри закони за спречување на насилството на спортските настани, тие не се спроведуваат; донесување државни стратегии за спречување на насилството во спортот, бидејќи тие се истечени во неколку земји; соработка со академската заедница, граѓанското општество и меѓународната заедница во мерките за спречување (насочени кон млади луѓе и тинејџери); зголемено следење на комуникацијата меѓу екстремистите во контекст на спортот и социјалните мрежи, бидејќи поголемиот дел од комуникацијата се одвива на ова ниво; размена на искуства и податоци на регионално ниво.

- **За креторите на политика во соработка со меѓународната заедница:** Во минатото, Унијата на европските фудбалски асоцијации (УЕФА), реагираше на формите на расизам во рамки на стадионите така што ги затвори деловите наменети за домашните навивачи, откажуваше натпревари, дискфалификуваше фудбалски тимови од Лигата на шампиони и Европската лига (т.е. ФК Партизан Белград од Србија) ([49]). Овие мерки ги оставаат поддржувачите без простор посветен за спортски активности и може да предизвика огорченост или чувство на неправда и дискриминација. Треба да се преземат соодветни противмерки, какви што се создавањето и промовирањето на алтернативни простори за собири на локално ниво, за да се избегне забраните и ограничувањата да ги зголемаат тензиите на општеството.

- **За спортските клубови:** Подобрување на доброто владеење со отстранување на политиката од спортот и прекинување на позицијата од страна на судиите и обвинителите во управниот одбор на спортските клубови; заеднички активности (хуманитарни акции, пријателски натпревари, итн) на ривалските клубови со цел да се прикаже толеранција; во соработка со спонзори, промовирање на пријателство и толеранција; обучување на сппортски работници за подобар пристап со деца и млади луѓе (преку работилници, прирачници, насочени алатки), како основни превентивни мерки; приватни клубови (со истовремено обезбедување на соодветни контролни механизми за справување со предизвиците предизвикани од приватизацијата).

- **За граѓанското општество и академската заедница:** Спроведување на истражување за врските помеѓу спортовите и хулиганизмот, бидејќи има голем недостаток во оваа област во земјите од Западен Балкан; организирање на работилници преку игри и забава за млади луѓе; создавање на регионална мрежа од истражувачи кои ќе работат на оваа тема преку конференции и проекти; учењето преку игра (како што е спортот) може да ги мотивира

([48]) За спречување на екстремизмот во училиштата во земјите на Западен Балкан, видете на: Ѓориќ, Марија. *Прирачник за препознавање, превенција и сузбивање радикализација и насилен екстремизам кај учениците* (Priručnik za prepoznavanje, prevenciju i suzbijanje radikalizacije i nasilnog ekstremizma kod učenika). Подгорица: Biro za operativnu koordinaciju – Nacionalni operativni tim, 2020.
([49]) Одговори кон насилниот екстремизам на Западен Балкан. (nyu.edu)

младите луѓе да преминат преку етничката поделба и насилниот екстремизам.

- **За меѓународната заедница:** Организирање на регионални истражувања, особено за клубовите за боречки вештини; насочување на проекти за спречување на ектремизмот во спортот; спорведување на најдобрите странски практики во регионот на Западен Балкан (прилагодени на потребите на посебните земји/територии); организирање на летни училшта и работилници за сите чинители во овој процес, со цел да се создаде регионална мрежа за превенција.

**За авторот:**

**Марија Ѓориќ, редовен професор по политички науки во Србија, Белград. Таа е советник/експерт за неколку меѓународни организации (меѓу кои Обединетите нации, ОБСЕ, Советот на Европа, RESOLVE). Проф. Ѓориќ има објавено пет книги и над 90 трудови за екстремизам, радикализација, хулиганизам, тероризам и политичко насилство. Таа е главен уредник на српскиот академски весник Политиката на националната безбедност. Во моментот работи на Институтот за политички науки во Белград и е вонреден професор при Универзитетот Чарлс во Прага.**

# Библиографија


Afrodita Musliu, *Идентификација на фактори кои влијаат врз насилството на спортски терени [Identification of factors influencing violence on sport fields],* Skopje: Association of citizens "Nexus – Civil Concept", 2022.

Andric, Gordana and Bojana Barlovac, Belgrade Riots Over, Officials Condemn Violence, Balkan Insight, 10 October 2010. Accessed 22 June 2023, https://balkaninsight.com/2010/10/10/situation-in-belgrade-calms-down-after-clashes/

Bakic Jovo, Right-Wing Extremism In Serbia, Friedrich-Ebert-Stiftung, February 2013. Accessed 22 June 2023, https://library.fes.de/pdf-files/id-moe/09659.pdf

Chua Shenyi et al., Responding to Violent Extremism in the Western Balkans, Center for Global Affairs School of Professional Studies, New York University, 20 May 2020.

CNN, Brother of Albanian Prime Minister 'controlled' drone at football match, 15 October 2014. Accessed 5 January 2023, https://edition.cnn.com/2014/10/15/sport/football/albania-prime-minister-brother/index.html

Danas, Mladi fudbaleri iz Splita isključeni sa takmičenja u Sarajevu zbog skandiranja 'Ubij, ubij Srbina', 15 January 2023. Accessed 20 January 2023, https://www.danas.rs/svet/region/mladi-fudbaleri-iz-splita-iskljuceni-sa-takmicenja-u-sarajevu-zbog-skandiranja-ubij-ubij-srbina/

Dario Brentin, More Than A Game? Again? On the Seemingly Perpetual Football-Related Violence in the Balkans, Balkanist, 15 October 2014.Accessed 15 January 2023, https://balkanist.net/more-than-a-game-again-on-the-seemingly-perpetual-football-related-violence-in-the-balkans/

Đorđević, Saša and Ruggero Scaturro, Dangerous Games: Football Hooliganism, Politics and Organised Crime in The Western Balkans, Geneva: Global Initiative Against Transnational Organised Crime, 2022.

Đorić, Marija and Klačar Bojan, Potential Generators of Right-Wing Extremism in The Era of COVID-19 Pandemic (white paper-preview), Sarajevo: IRI, 2021.

Fatjona Mejdini et al., Kosovo opposition urges all Albanians to join rally, Balkan Insight, 27 November 2015. Accessed 12 January 2023, https://balkaninsight.com/2015/11/27/albanians-join-ranks-for-the-28-november-kosovo-rally-11-27-2015-1/

Ilazi Ramadan et al., Online and offline (de)radicalisation in the Balkans, Working paper 5, PAVE Project Publications, 2022.

Manasiev Aleksandar, Balkans' political football keeps hooligans close to heart of power, The Guardian, 29 November 2012. Accessed 22 June 2023, https://www.theguardian.com/football/2012/nov/29/balkans-political-football-hooligans-power

Marija Đorić, The Evolution of Hooliganism in Serbia, Science and Society, No 2, 2014.

Marija Đorić, Huliganizam: nasilje i sport, Beograd: Nauka i društvo, 2012.

Marija Đorić, Handbook for recognizing, preventing and combating radicalization and violent extremism among students (Priručnik za prepoznavanje, prevenciju i suzbijanje radikalizacije i nasilnog ekstremizma kod učenika), Podgorica: Biro za operativnu koordinaciju – Nacionalni operativni tim, 2020.

Metodieva Asya, Dovedimo ih nazad: upravljanje rizikom, Sarajevo: Atlantska inicijativa, May 2021. https://atlantskainicijativa.org/wp-content/uploads/2021/05/Policy-Paper-Br.-1-BOS.pdf

RAN, The role of sports and leisure activities in preventing and countering violent extremism, 2019. Accessed 15 March 2023, https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2019-05/ran_yfc_sports_and_leisure_06-07_03_2019_en.pdf

RAN, Inclusion through sports, 2021. Accessed 15 March 2023, https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022-01/ran_y-e_inclusion_through_sports_01122021_en.pdf

RTRS, "Asker akademija" u BiH, deca u simulaciji vojne obuke, 8 February 2018. Accessed 5 January 2023, https://www.rts.rs/page/stories/sr/story/11/region/3032595/asker-akademija-u-bih-deca-u-simulaciji-vojne-obuke.html

Alberto Testa, Making Sense of Extremism in the Bosnian Football Terraces: An Initial Analysis, Security Science Journal, No. 1 (2020). https://doi.org/10.37458/ssj.1.1.2

Viši sud u Beogradu, одређен притвор осумњиченима в. беливук и други, 6 February 2021. Accessed 12 January 2023, https://www.bg.vi.sud.rs/vest/2991/odredjen-pritvor-osumnjicenima-v-belivuk-i-drugi.php

## ПРОНАОЃАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕУ

**Онлајн**

Информациите за Европската Унија на сите официјални јазици на ЕУ се достапни на веб-сајтот на Европа на: https://europa.eu/european-union/index_en

**Публикации на ЕУ**

Можете да преземете или да нарачате бесплатни или публикации на ЕУ што се плаќаат од: https://op.europa.eu/en/publications. Може да се добијат повеќе примероци од бесплатни публикации ако се јавите во Europe Direct или вашиот локален информативен центар (видете https://europa.eu/european-union/contact_en).

**Законот на ЕУ и сродни документи**

For access to legal information from the EU, including all EU law since 1952 in all the official language versions, go to http://eur-lex.europa.eu

**Отворени податоци од ЕУ**

Порталот за отворени податоци на ЕУ (http://data.europa.eu/euodp/en) обезбедува пристап до групи од податоци од ЕУ. Податоците може да се преземат и повторно да се користат бесплатно, за комерцијални и за некомерцијални цели.

Radicalisation Awareness Network
RAN
Practitioners

Publications Office
of the European Union